Друштво за производство на мелнички пекарски и други производи и промет на мало и големо ЖИТО ПОЛОГ АД
Бр. 02-298/3
07.09.2020 год
ТЕТОВО

Врз основа на член 61 од Статутот на Жито Полог Ад Тетово(Пречистен текст), како и членовите 382, 383 од Законот за трговски друштва , Собранието на акционери на Жито Полог АД Тетово , на седницата одржана на ден 07.09.2020, ја донесе следната

# ОДЛУКА

## за продажба на уделот од Трговското друштво за производство на мелнички, пекарски и други производи и промет на мало и големо ЖИТО БИТОЛА ДООЕЛ – Битола,

**Член 1**

**СЕ ПРИФАЌА** Понудата за купување на удел број 03-294/1 од 06.08.2020 год од Котевски Александар од Демир Хисар познат со лична карта бр. А2095708 издадена од МВР Демир Хисар.

**СЕ ОДОБРУВА продажба на Удел** кој претставува 100% од основната главнина на Трговското друштво за производство на мелнички, пекарски и други производи и промет на мало и големо ЖИТО БИТОЛА ДООЕЛ – Битола, со седиште на ул. Македонска Фаланга бр. 36 Битола, со ЕМБС 6806597 и ЕДБМК 4002012529047 кој го поседува основачот и единствен содружник Жито Полог АД Тетово, а кој удел претставува паричен влог и е со номинална вредност од 17.049.000 денари., на Котевски Александар од Демир Хисар, со адреса на живеење во с.Сопотница – Демир Хисар, познат со лична карта бр. А2095708 издадена од МВР Демир Хисар , по купопордажна цена согласно доставената понуда во износ од 900.000,00 денари која вредност изнесува 0,16% од сметководствената вредност на имотот на Жито Полог АД- Тетово определена врз основа на последните ревидирани финансиски извештаи на друштвото за 2019 год.

**Член 2**

Собранието на акционери на Жито Полог Ад – Тетово **потврдува и одобрува** дека вредност на зделката цитирана во член 1 од оваа одлука изнесува 900.000,00 денари односно претставува 0,16% од книговодствената вредност на Жито Полог Ад – Тетово утврдена врз основа на последните ревидирани финансиски извештаи на друштвото за 2019 година и не надминува 20% од книговодствената вредност на имотот на Жито Полог АД Тетово според последните ревидирани финансиски извештаи на Друштвото и според одредбите на Законот за трговски друштва и Статутот на Друштвото не претставува голема зделка .

**Член 3**

**СЕ ОВЛАСТУВА** Одборот на директори на Жито Полог АД Тетово врз основа на оваа одлука да донесуваа соодветни одлуки за спроведување и реализација на оваа одлука, а Генералниот Извршен директор да го потпише и завери пред надлежен нотар Договорот за пренос на удел , да склучува и потпишува договори во врска со реализцијата на оваа одлука, како и да ги потпише сите други акти и да ги преземе сите дејства потребни за реализација на оваа одлука и упис на промената во Централниот регистар на РМ.

**Член 4**

Со донесување на оваа одлука Друштвото потврдува дека се исполнети условите за полноважно одлучување и донесување на оваа одлука согласно одредбите од Законот за трговските друштва и важечкиот Статут на Друштвото.

**Член 5**

Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето.

По еден примерок од Одлуката да се достави до:

- правен сектор
- сектор за финансии,
- архива.

СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ
ПРЕТСЕДАВАЧ
**Томислав Давков**

ЖИТО ПОЛОГ АД
ТЕТОВО